У-5.бр.282/2021
У-5.бр.284/2021

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите м-р Дитурије Елези Незири - претседател на советот, Виолета Богојеска и Даниела Антовска - членови на советот, со записничар Моника Китановска - виш судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Мегаспорт Љубомир ДООЕЛ Скопје, поднесена против Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-244/20 од 11.03.2021 година, за јавна набавка, на одржаната јавна расправа на ден 06.04.2021 година, во присуство на тужителот, донесе:

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Мегаспорт Љубомир ДООЕЛ Скопје, СЕ УВАЖУВА.

Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-244/20 од 11.03.2021 година, СЕ ПОНИШТУВА и ОДЛУЧУВА:

Жалбата на жалителот „ГЕПАРД ВИС“ ДОО Нови Сад, Република Србија, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапка по извршена повторна евалуација на понудите бр.18.1-11528/1 од 09.02.2021 година за Дел 1, донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.12605/2020 за набавка на стоки - Високи специјални чизми на договорниот орган Министерство за внатрешни работи, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот Мегаспорт Љубомир ДООЕЛ Скопје, за донесување на времена мерка, СЕ УВАЖУВА.

СЕ ОДЛОЖУВА ИЗВРШУВАЊЕТО на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-244/20 од 11.03.2021 година, до правосилно завршување на управниот спор по тужбата против истото решение, заведена под У-5.бр.284/2021.

## О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното Решение на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.08-244/20 од 11.03.2021 година, жалбата на сега заинтересираното лице „ГЕПАРД ВИС“ ДОО Нови Сад, Република Србија, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапка по извршена повторна евалуација на понудите бр.18.1-11528/1 од 09.02.2021 година за Дел 1, согласно решение по жалба бр.08-68-20-2021 и бр.08-64-6-2021 донесено од ДКЖЈН, донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.12605/2020 за набавка на стоки - Високи специјални чизми на договорниот орган Министерство за внатрешни работи, се усвојува.

Во став два од диспозитивот истото, се поништува Одлуката за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапка по извршена повторна евалуација на понудите бр.18.1-11528/1 од 09.02.2021 година за Дел 1, донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.12605/2020 за набавка на стоки - Високи специјални чизми на договорниот орган Министерство за внатрешни работи и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување. Со истото решение, договорниот орган е задолжен да постапи согласно со одлуката на Државната комисија во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката, при што ги применува правното сфаќање и дадените забелешки на Државната комисија, во одлуката.

Незадоволен од ова решение тужителот поведе управен спор, со предлог истото да се преиначи и жалбата на „ГЕПАРД ВИС“ ДОО Нови Сад, Република Србија, да се одбие како неоснована. Според тужителот, со донесување на оспореното решение трето по ред, тужениот орган сторил суштествена повреда на начелата на кои се темелат јавните набавки, пропишани во членот 3 од Законот за јавните набавки, а и повреда на член 141 од истиот закон, од причина што органот бил должен по службена должност, при одлучувањето по првата жалба, да провери дали се сторени битни повреди од став 2 од овој член, бидејќи согласно член 141 став 3 од Законот за јавните набавки, Државната комисија нема да ја разгледува фактичката и правната состојба за што решавала во претходна жалба во иста постапка за јавна набавка. Имено, тужениот орган со првото решението бр.08-1107/6 од 23.12.2020 година, жалбата на економскиот оператор „ГЕПАРД ВИС“ ДОО Нови Сад, Република Србија, е уважена, а Одлуката за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапката бр.18.1-91118/1 од 19.11.2020 година, е поништена и предметот е вратен на повторно постапување и одлучување на договорниот орган, со напатствија, да се наведе екстерната акредитираната лабораторија која ја користела лабораторијата Макконтрол како издавач на сертификатот на сега тужителот како најприфатлив понудувач, а истовремено Државната комисија, во однос на еволуцијата на понудата на жалителот, согласно доказите од предметот на јавната набавка со увид на ЕСЈН, утврдила дека доставеното Стручно мислење од CIS INSTITUT издадено на 23.10.2020 година, било несоодветно, во одделни делови нецелосен, а во одделни делови дополнуван превод за доставениот документ. Конкретно, во македонскиот превод издаден на 23.10.2020 година, во одговорот на првото прашање додаден е нов текст од преведувачот кој не постои во оригиналот. Исто така, во доставениот превод недостига едно прашање и одговор од оригиналното мислење. Во оригиналното мислење на CIS INSTITUT како и во преводот било наведено дека испитувањето се вршело на репро материјал, а не на готов производ, што не е согласно барањата и напомената од техничката спецификација од тендерската документација. Со оглед на тоа дека имало неусогласеност со оригинално мислење од CIS INSTITUT и преводот на македонски јазик, Државната комисија сметала дека со право договорниот орган понудата на жалителот ја отфрлила како неприфатлива понуда. При повторно постапување, тужителот наведува дека договорниот орган целосно постапил по правното мислење и забелешките на тужениот орган поради што со Барање бр.18.1-104747/1 од 29.12.2020 година, се обратил до акредитираната лабараторија Макконтрол (издавач на Сертификатот на избраниот понудувач-Мегаспорт), која со Појаснување бр.0302/051 од 29.12.2020 година, дала детален приказ на постапката при издавање на сертификат и е наведена користената екстерната лабараторија - Мирта

Контрол Хрватска, при што, договорниот орган ја донел Одлуката за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапката бр.18.1-105941/1 од 31.12.2020 година со која, за Дел 1, донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.12605/2020 за набавка на стоки-Високи специјални чизми на договорниот орган Министерство за внатрешни работи, како најповолен понудувач, повторно е избран сега тужителот. Во повторна постапка по жалба, тужениот орган го донел решението бр.08-68/20 од 03.02.2021 година, со кое жалбата на „ГЕПАРД ВИС“ ДОО Нови Сад, Република Србија, е уважена, а Одлуката за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапката бр.18.1-105941/1 од 31.12.2020 година, донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.12605/2020 за набавка на стоки-Високи специјални чизми на договорниот орган Министерство за внатрешни работи, е поништена и предметот е вратен на повторно постапување пред договорниот орган, со напатствија дека договорниот орган правилно постапил и има право со цел да ја утврди прифатливоста на понудите и веродостојноста на доставените документи, извештаи од лаборатори или сертификати, може односно им право да се обрати до одредени лаборатории, производители, институции и друго, но наоѓа дека договорниот орган треба на ист начин и еднаков третман да ги третира економските оператори и доколку договорниот орган имал нешто нејасно да побара и за економскиот оператор „ГЕПАРД ВИС“ ДОО Нови Сад, Република Србија појаснување од лабараториите кои ги испитувале неговите мострите. Постапувајќи по трет пат, договорниот орган донел Одлуката за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапката бр.18.1-11528/1 од 09.02.2021 година, со која Дел 1, донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.12605/2020 за набавка на стоки-Високи специјални чизми на договорниот орган Министерство за внатрешни работи, со која е избрана како најприфатлива понудата на сега тужителот. По третата по ред на жалба на економскиот оператор „ГЕПАРД ВИС“ ДОО Нови Сад, Република Србија, тужениот орган го донел сега оспореното решение кое е незаконско, неразбирливо и контрадикторно и спротивно на одредбите на Законот за јавните набавки, а со тоа и спротивно на начелата за еконoничност и еднаков пристап кон економските оператори. Во оспореното решение напишано на 16 страни, како правно сваќање и забелешки за повторно постапување само е задолжен договорниот орган да постапи по решенијата по жалба бр.08-68-20-2021 и бр.08-64-6-2021 донесено од ДКЖЈН, донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.12605/2020 за набавка на стоки-Високи специјални чизми, односно од економскиот оператор „ГЕПАРД ВИС“ ДОО Нови Сад, Република Србија да побара појаснување за сертификатите или лабораториите, во ситуација кога истиот не е отфрлен за сертификатот, туку неговата понуда е неприфатлива и отфрлена за сосема друга причина, со што се согласил и тужениот орган. Оттука, за тужителот е нејасно како може тужениот орган да му наложи на договорниот орган да побара појаснување за сертификати на економски оператор за кој веќе самиот тој одлучил дека има непифатлива понуда. Дополнува дека понудата на економскиот оператот „ГЕПАРД ВИС“ ДОО Нови Сад, Република Србија, е отфрлена од причина што стандардите за испитување на својствата и параметрите наведени во техничката понуда не соодветствуваат со INSTITUT, односно во техничката понуда се наведени односно копирани бараните стандарди од техничката спецификација, а во доставениот извештај од лабораториското испитување, утврдени се својства и параметри согласно стандарди кои ги користела лабараторијата CIS INSTITUT.

За параметарот должина за испитаната мостра со големински број 42, во техничката понудата е наведено 27,90 см и во доставениот извештај од лабораториско испитување утврдено е 27,90 см, што не е во согласност параметрот наведен на етикетата на доставената мостра, како и дека македонскиот превод издаден на 23.10.2020 година, е допишуван и додаден е нов текст од преведувачот, кој не постои во оригиналот. Предвид наведеното, смета дека е бесцелно тужениот орган да му наложи на договорниот орган да побара појаснување за сертификат на економски оператор, кој е неприфатлив поради други погоренаведени неисполнети услови од тендерската документација. Во контекст на наведеното, тужителот наведува дека тужениот орган сторил повреда на член 141 став 3 од Законот за јавните набавки, од каде произлегува дека Државната комисија нема да ја разгледува фактичката и правната состојба за што решавала во претходна жалба во иста постапка за јавна набавка, односно во оспореното решение повторно ја разгледала истата правна работа и наместо да даде конкретни забелешки, тужениот орган ниту во двете решенија не дал никакви конкретни завелешки за оправданоста да се бара појаснување за економскиот оператор ГЕПАРД ВИС“ ДОО Нови Сад, Република Србија. Имајќи го предвид сето наведено, тужителот нагласува дека тужениот орган во постапка по жалба во три наврати, не утврдил повреда на било која одредба од Законот за јавните набавки, во однос на прифатливоста на понудата на тужителот, напротив потврдил дека е прифатлива, а видно од решение бр.08-64/6 од 03.02.2021 година, каде утврдила дека истата е во согласност со тендерската документација во целост. Дополнува дека во оспореното решение не е наведена ниту една одредба од Законот за јавните набавки која е повредена од страна на договорниот орган или по која треба да постапи, па договорниот орган со право утврдил дека немал целисходност да постапи по претходните напатствија на тужениот орган, односно да побара појаснување за сертификатите или од лабораториите кои вршеле испитувања на мострата на „ГЕПАРД ВИС“ ДОО Нови Сад, Република Србија, и дека повторно мора да ја отфрли неговата понуда како неприфатлива поради несогласност со тендерската документација, за кои причини веќе одлучувала самата Државна комисија и потврдила дека понудата на „ГЕПАРД ВИС“ ДОО Нови Сад, Република Србија е неприфатлива, односно тужениот орган неправилно и неаргументирано утврдил дека договорниот орган не постапил по напатствијата на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Истовремено со тужбата тужителот поднесе и посебно барање за времена мерка, со кое бара Судот да дозволи времено одлагање од извршување на Оспореното решение бр.08-244/20 од 11.03.2021 година, на Државна комисија за жалби по јавни набавки, за постапка по јавна набавка на стоки - Високи специјални чизми по оглас бр.12605/2020 од 03.09.2020 година, до правосилно завршување на постапката по тужба и да се дозволи договорниот орган Министерство за внатрешни работи да склучи договор со избраниот понудувач и да ја спроведе Одлуката за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапката бр.18.1-11528/1 од 09.02.2021 година, за Дел 1, донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.12605/2020 за набавка на стоки-Високи специјални чизми на договорниот орган Министерство за внатрешни работи.

Како причини поради кои тужителот бара одлука за времена мерка, наведува дека со оспореното решение трпи штета која нема да може да ја

надокнади, ако се има предвид големината и сериозноста на набавката, количината и цената на истата, а во ситуација кога понудата на тужителот е избрана за најприфатлива од страна на договорниот орган, а и тужениот орган во погоренаведените решенија нема забелешки по однос на понудата на тужителот како избран понудувач. Понудата на тужителот е од 30.10.2020 година, како ден од јавното отварање на понудите и по вина на тужениот орган постапката по жалба трае четири месеци, а согласно условите од тендерската документација рокот на испорака е 120 дена од денот на потпишување на договорот, кој е релативно краток, за 8550 пара на Високи специјални чизми, во ситуација на светска пандемија. Производител на Високите специјални чизми предмет на набавката е една од најголемите фабрики во Италија-Grisport која е производител и на специјални обувки за војска и полиција за НАТО и ЕУ, а начинот на производство е резервација на производствена линија која е на чекање 120 дена. За квалитетно и навремено реализирање на договорот за јавна набавка, поради долгиот период од, до сега 120 дена, производителот побарал аванс за резервација на репроматеријали и производствената линија, кое производство и транспорт на стоката е многу сложено во периодот на пандемија и целосен карантин и строги анти-ковид мерки во Република Италија, за што тужителот бил приморан да уплати аванс од 50.000 евра. Од друга страна, тужителот нагласува дека одлуката за времена мерка, не е спротивна на јавниот интерес, напротив е за заштита на истиот, односно предмет на набавката се високи специјални чизми за регуларна полиција, гранична полиција, ЕСЗ, ЕБР и ПЕП кои години наназад немаат соодветни обувки, а служат за целите на полиција која е во служба на јавниот интерес на сите граѓани. Исто така, не е оштетен ниту буџетот на државата, бидејќи понудата на тужителот е најниска (46.084.500,00 денари) во однос на понудите на Нени Компани (51.257.250,00 денари) и Гепард Вис (50.342.400,00), поради што исполнети се сите услови од членот 29 од Законот за управните спорови.

На одржаната јавна расправа на ден 06.04.2021 година, тужителот остана во целост кон наводите во тужбата и дополни дека претходните решенија на тужениот орган, со тужбата не ги спори, но со цел да се образложи оспорената одлука, потребно е да се цитираат претходните одлуки на тужениот орган, како хронологија на постапката по Огласот за јавна набавка бр.12605/2020. Во однос на Барањето за времена мерка, истиот го прецизира, со образложение дека постапката за јавна набавка е во фаза на евалуација пред договорниот орган, па побара судот да донесе решение „Барањето на тужителот Мега Спорт-Љубомир ДООЕЛ Скопје за донесување на времена мерка, да се уважи и да се одложи од извршување оспореното решение на ДКЖЈН бр.08-244/20 од 11.03.2021 година, до правосилно завршување на управниот спор".

Во одговор на тужбата тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение, односно постапувајќи по жалбата и жалбените наводи, како и по службена должност согласно член 141 од Законот за јавните набавки, а врз основа на сите приложени докази во предметот и увидот во ЕСЈН за спроведена постапка за доделување договор за јавна набавка, Државната комисија утврди дека договорниот орган при повторното постапување и евалуација на понудите не постапил во целост согласно напатствијата дадени во Решенијата на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр. 08-64/6 и бр.08-68/20 од 03.02.2021 година, со што сторил повреда на член 160 став 5 од Законот за јавите набавки.

Предложи тужбата на тужителот да се одбие како неоснована. Во однос на Барањето за времена мерка, тужениот орган смета дека истото е неосновано бидејќи во смисла на одредбата од член 29 став 5 од Законот за управните спорови, за судот да го одложи извршувањето на оспорениот управен акт потребно кумулативно да бидат исполнети законските претпоставки, што не е така во конкретниот случај. Тоа што тужиелот уплатил аванс на производителот на стоките кои се предмет на набавки, во конкретниот случај не може да биде штета, а уште помалку ненадоместлива поради која судот треба да го одложи извршувањето на оспорениот управен акт. Ова особено од причина што давањето аванс претставува должничко - доверителски однос меѓу тужителот и фирмата производител на стоките кои се предмет на набавка, односно нема никаква допирна точка со оспореното решение бидејќи со истото не му е наложена никаква обрска на тужителот. Со оглед дека тужителот со ниту еден доказ не ја има докажано веројатноста дека се исполнети горенаведените услови, предлага судот да донесе Решение со кое Барањето за донесување на времена мерка ќе го одбие како неосновано.

На одржаната јавна расправа на ден 06.04.2021 година, тужениот орган уредно поканет, не се јави.

Исто така, на одржаната јавна расправа на ден 06.04.2021 година, Судот уредно го покани и заинтересираното лице „ГЕПАРД ВИС“ ДОО Нови Сад, Република Србија, преку полномошникот, кој согласно член 23 од Законот за управните спорови (“Службен весник на РСМ” бр.96/2019), има својство на странка, но истиот не се јави.

Во доказна постапка, Судот на јавната расправа изврши увид во доказите кон списите на предметот и доказите приложени кон тужбата, и тоа: Тековна состојба за тужителот издадена на 05.03.2021 година, фактура бр.238 од 05.03.2021 година за авансно плаќање на тужителот спрема Grisport Италија, Одговор на жалба од договорен орган бр.18.1-18798/1 од 01.03.2021 година, Решение на ДКЖЈН бр.08-1107/6 од 23.12.2020 година, Одговор на жалба од договорен орган бр.18.1-100746/1 од 17.12.2020 година, Решение на ДКЖЈН бр.08-68/20 од 03.02.2021 и бр.08-244/20 од 11.03.2021 година, Барање од МВР за појаснување до МАККОНТРОЛ од 29.12.2020 година, Одговор на допис бр.18.1-104747/1 од 29.12.2020 година на МАККОНТРОЛ од 29.12.2020 година, Одговор на жалба од договорен орган бр.18.1-4505/1 од 20.01.2021 година, Каталог на Grisport Италија, Одговор на тужба и времена мерка од тужен орган од 25.03.2021 година и целокупна документација / Тендерска документација по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.12605/2020 за набавка на стоки - Високи специјални чизми на договорниот орган Министерство за внатрешни работи, овозможено преку ЕСЈН со кој управува/оперира БЈН.

Судот, имајќи ја предвид целокупната домументација од доказната постапка, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата, списите на предметот, како и од наводите од одржаната јавна расправа, најде:

Тужбата на тужителот е основана.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган Министерство за внатрешни работи, спровел постапка за јавна набавка со Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.12605/2020 за набавка на стоки - Високи специјални чизми, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр.18.1-68611/1 од 03.09.2020 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки на 03.09.2020 година и во Службен весник на Република С. Македонија, како делива на 4 дела, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за доделување на договор за јавна набавка ќе го користи критериумот економски најповолна понуда врз основа на цената, со спроведување на електронска аукција. Од понудувачите било побарано да доставаат документ за регистрирана дејност, Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот (5.00%). До крајниот рок за поднесување на понудите 30.10.2020 година, пристигнале вкупно 9 (девет) понуди, за што бил составен Записник од отворањето на понудите бр.18.1-85893/1 од 30.10.2020 година. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудите, изготвила Извештај од спроведената постапка бр.18.1-900017 од 16.11.2020 година, и дала предлог за избор како најповолна понуда за Дел 1 да биде избрана понудата на економскиот оператор „МЕГА СПОРТ Љубомир“ ДООЕЛ Скопје, а за Дел 2, 3 и 4 постапката да биде поништена согласно член 114 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што била донесена Одлука за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапка бр.18.1-91118/1 од 19.11.2020 година.

На 26.11.2020 година била извршена управна контрола од страна на Бирото за јавните набавки согласно член 172 став 3 од Законот за јавните набавки при што е констатирано во Записник од управна контрола заведен под број 17-1562/3 од 26.11.2020 година, дека не постојат неправилности кои можат да влијаат на исходот на постапката.

Жалба против Одлука за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапка бр.18.1-91118/1 од 19.11.2020 година, изјавил сега заинтересираното лице, односно економскиот оператор „ГЕПАРД ВИС“ ДОО Нови Сад, Република Србија.

Постапувајќи по изјавената жалба, тужениот орган донел Решение бр.08-1107/6 од 23.12.2020 година, со кое жалбата на економскиот оператор „ГЕПАРД ВИС“ ДОО Нови Сад, Република Србија, е усвоена, а Одлуката за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапката бр.18.1-91118/1 од 19.11.2020 година, е поништена и предметот е вратен на повторно постапување и одлучување на договорниот орган, со напатствија, да се наведе екстерната акредитираната лабораторија која ја користела лабораторијата Макконтрол како издавач на сертификатот на сега тужителот како најприфатлив понудувач. При донесувањето на ова одлука, тужениот орган нашол дека договорниот орган не ја утврдил целосно фактичката состојба во постапката на евалуација на понудата на тужителот, пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, односно Државната комисија за жалби по јавни набавки утврдила дека договорниот орган нецелосно и неправилно ја утврдил фактичката состојба во врска со

прифатливоста на поднесената понуда од страна на избраниот понудувач Мега Спорт Љубомир ДООЕЛ Скопје за дел 1 од предметната постапка за јавна набавка и постапил спротивно на одредбите од член 109, а во врска со член 2 точка 11 на Законот за јавните набавки. Имено, договорниот орган на 10.11.2020 година преку ЕСЈН се обратил до Мега Спорт Љубомир ДООЕЛ Скопје со барање според кое, согласно доставениот сертификат од тестирање со број 5593/20 издаден од лабораторијата МАККОНТРОЛ за испитуваниот параметар - технички карактеристики на поставa: 4-слоен ламиниран материјал со мембрана, за 3- тиот слој микропорозна мембрана, потребно било понудувачот да достави изјава од користената лабораторија за тоа дали испитувањето е извршено на готов производ (високо специјална чизма) или на суровина. Тужителот во одговор на барањето до договорниот орган меѓудругото доставил изјава од лабораторијата МАККОНТРОЛ при што во истата се потврдува дека МАККОНТРОЛ не била акредитирана за предметното испитување односно дека е користена екстерна акредитирана лабораторија, без притоа да се наведе екстерната акредитирана лабораторија и нејзината акредитација, но и покрај тоа договорниот орган сметал дека испитувањето се однесувало на готов производ, иако тоа не било потврдено од самиот издавач (екстерната лабораторија).

Со истото решение, Државната комисија, во однос на еволуцијата на понудата на жалителот, согласно доказите од предметот на јавната набавка со увид на ЕСЈН утврдила дека доставеното Стручно мислење од CIS INSTITUT издадено на 23.10.2020 година, било несоодветно, во одделни делови нецелосно, а во одделни делови дополнуван превод за доставениот документ. Конкретно, во македонскиот превод издаден на 23.10.2020 година, во одговорот на првото прашање додаден е нов текст од преведувачот кој не постои во оргиналот. Исто така, во доставениот превод недостига едно прашање и одговор од оригиналното мислење. Во оригиналното мислење на CIS INSTITUT како и во преводот било наведено дека испитувањето се вршело на репро материјал, а не на готов производ, што не е согласно барањата и напомената од техничката спецификација од тендерската документација. Со оглед на тоа дека имало неусогласеност со оригинално мислење од CIS INSTITUT и преводот на македонски јазик, Државната комисија сметала дека со право договорниот орган понудата на жалителот ја отфрлила како неприфатлива понуда.

Во повторна постапка, постапувајќи по напред наведеното решение на тужениот орган, Комисијата за јавни набавки на договорниот орга,н побарала од Макконтрол појаснување само во однос на сертификатот број 5593/20 од 21.10.2020 година, на избраниот понудувач, на кое барање за појаснување, акредитираната лабораторија дала целосно појаснување, односно стручно појаснување на начинот на издавање на сертификати и начин на имплементирање на испитувањата од екстерна лабораторија. При повторна проверка на комплетноста и валидноста на понудите, Комисијата за јавни набавки на договорниот орган, изготвила Извештај од спроведената постапка, во кој дала предлог за избор како најповолна понуда за Дел 1 да биде избрана понудата на економскиот оператор „МЕГА СПОРТ Љубомир“ ДООЕЛ Скопје, а за Дел 2, 3 и 4 постапката да биде поништена согласно член 114 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган, по што била донесена Одлуката за

избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапка бр. 18.1-105941/1 од 31.12.2020 година.

Незадоволен од донесената Одлука за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапка бр. 18.1-105941/1 од 31.12.2020 година, жалба повторно поднел економскиот оператор „ГЕПАРД ВИС“ ДОО Нови Сад, Република Србија.

При одлучување по жалбата на сега заинтересираното лице, Државната комисија за жалби по јавни набавки, донела Решение бр.08-68/20 од 03.02.2021 година, со кое жалбата на жалителот се усвојува, а Одлуката за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапката бр.18.1-105941/1 од 31.12.2020 година, донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.12605/2020 за набавка на стоки - Високи специјални чизми на договорниот орган Министерство за внатрешни работи на РМ, се поништува и предметот се враќа на повторно постапување пред договорниот орган, со напатствија дека договорниот орган правилно постапил и има право со цел да ја утврди прифатливоста на понудите и веродостојноста на доставените документи, извештаи од лабаратории или сертификати, може односно има право да се обрати до одредени лабаратории, производители, институции и друго, но наоѓа дека договорниот орган треба на ист начин и еднаков третман да ги третира економските оператори и доколку договорниот орган имал нешто нејасно, да побара и за економскиот оператор Гепард Вис ДОО Нови Сад Србија, појаснување од лабараториите кои ги испитувале неговите мострите.

Комисијата за јавни набавки при договорниот орган, постапувајќи по решенијата на тужениот орган извршила повторна проверка на комплетноста и валидноста на понудите, изготвила Извештај од спроведената постапка, во кој дала предлог за избор како најповолна понуда за Дел 1 да биде избрана понудата на економскиот оператор „МЕГА СПОРТ Љубомир“ ДООЕЛ Скопје, а за Дел 2, 3 и 4 постапката да биде поништена согласно член 114 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапка по извршена повторна евалуација на понудите бр.18.1-11528/1 од 09.02.2021 година. Договорниот орган сметал дека би било беспредметно договорниот орган да бара појаснувања од другите понудувачи во однос на условите за способност или појаснување на техничката понуда или појаснувања за лабораториските извештаи, затоа што понудите им биле прифатливи по однос на наведеното или понудите не биле прифатливи од други причини, односно појаснувања од други економски оператори не било побарано затоа што нивните понуди биле отфрлени од суштински причини за кои законски не смееле да се бараат појаснувања.

По повод изјавената жалба на „ГЕПАРД ВИС“ ДОО Нови Сад, Република Србија, против Одлуката за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапка по извршена повторна евалуација на понудите бр.18.1-11528/1 од 09.02.2021 година, тужениот орган го донел сега оспореното решение бр.08-244/20 од 11.03.2021 година, со кое жалбата на заинтересираното лице, е усвоена, Одлуката за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапка по извршена повторна евалуација на понудите бр.18.1-11528/1 од 09.02.2021 година за Дел 1, согласно решение по

жалба бр.08-68-20-2021 и бр.08-64-6-2021 донесено од ДКЖЈН, донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.12605/2020 за набавка на стоки - Високи специјални чизми на договорниот орган Министерство за внатрешни работи, е поништена и предметот е вратен на повторно постапување и одлучување. Во ова постапка по жалба, тужениот орган нашол дека договорниот орган при повторното постапување и евалуација на понудите, не постапил во целост согласно напатствијата дадени во Решенијата на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-64/6 и бр.08-68/20 од 03.02.2021 година, со што сторил повреда на членот 160 став 5 од Законот за јавните набавки.

Незадоволен од оваа одлука на Државната комисија за жалби по јавни набавки, тужителот го заведе предметниот управен спор.

Судот најде дека тужениот орган со оспореното решение го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно со член 2 точка 10 и 11 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019), 10.„тендерска документација“ е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општоприменливите прописи и сета дополнителна документација; 11.„Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон“.

Согласно со член 3 од Законот за јавните набавки, начела на кои се темелат јавните набавки: (1) Уредувањето, развојот на системот на јавни набавки и неговото спроведување се темелат врз начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност. (2) При спроведувањето на јавните набавки договорниот орган е должен да ги почитува обврските за заштита на животната средина, социјалната политика и за заштита на трудот кои произлегуваат од прописите во Република Македонија, колективните договори и од меѓународните договори и конвенции ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.

Согласно со член 4 став 1 од Законот за јавните набавки, договорниот орган ги спроведува јавните набавки на начин што ќе обезбеди економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства и успешно остварување на целите на своето работење, утврдени во согласност со прописите кои го уредуваат користењето на буџетските и другите јавни средства. (2)

Договорниот орган ги спроведува јавните набавки на начин што ќе обезбеди соодветен квалитет на предметот на набавка во однос на неговата намена и вредност. (3) Договорниот орган ги спроведува јавните набавки во рок и на начин пропишани со овој закон и прописи донесени врз основа на овој закон, со минимални трошоци во постапката за јавна набавка.

Согласно член 109 од Законот за јавните набавки, (1) Кај отворената постапка и поедноставената отворена постапка, комисијата, пред да пристапи кон евалуација на понудите, ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот. (2) При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања. (3) Бараното објаснување понудувачот го доставува преку ЕСЈН во рокот кој го определила комисијата. (4) Никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот. (5) Комисијата може да бара директно од понудувачот, а со цел за објаснување на понудата, превод на делот од понудата кој е во врска со техничката документација за кој во тендерската документација дозволил истата да биде изработена на странски јазик и за истото да одреди примерен рок. (6) Неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира. (7) Евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација. (8) По извршената евалуација, комисијата ќе пристапи кон рангирање на понудите и изготвување предлог за избор на најповолна понуда. (9) Членот на комисијата кој не се согласува со предлогот за избор на најповолна понуда, ги изнесува своите ставови подготвени како забелешка приложена кон извештајот од спроведената постапка. (10) При евалуација на понудите кај ограничената постапка, постапките со преговарање, конкурентниот дијалог и партнерството за иновации, комисијата соодветно ги применува одредбите од овој член. (11) Министерот за финансии го пропишува начинот на исправка на аритметичка грешка во фазата на евалуација на понудите.

Согласно член 141 од Законот за јавните набавки, (1) Во жалбената постапка Државната комисија постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должност проверува дали се сторени битни повреди од ставот (2) на овој член. (2) Битни повреди на Законот во смисла на ставот (1) на овој член се: 1. утврдување пократок рок за поднесување понуди или пријави за учество од минималниот рок утврден со овој закон; 2. измената на огласот не е објавена, а постоела обврска за тоа согласно со одредбите од овој закон; 3. кандидатот или понудувачот морал да биде исклучен од постапката за јавна набавка бидејќи постојат причини за негово исклучување; 4. по истекот на рокот за поднесување понуди во отворена или ограничена постапка договорниот орган водел преговори или понудувачот ја изменил својата понуда спротивно на одредбите од овој закон; 5. критериумите за способност не се утврдени во согласност со овој закон и 6. тендерската документација не е во согласност со овој закон и довела или можела да доведе до дискриминација на економските оператори или ограничување на пазарната конкуренција. (3) Државната

комисија нема да ја разгледува фактичката и правната состојба за што решавала во претходна жалба во иста постапка за јавна набавка.

Врз основа на член 143 од Законот за јавните набавки, (1) Во отворената постапка, жалба се изјавува во рок од десет дена, додека во поедноставената отворена постапка и набавката од мала вредност во рок од пет дена, од денот на: 1. објавување на огласот за јавна набавка, во однос на содржината на огласот или тендерската документација; 2. објавување на известувањето за измени и дополнителни информации, во однос на содржината на измените и дополнителните информации; 3. отворање на понудите, во однос на пропуштањето на договорниот орган соодветно да одговори на навремените прашања или барања за појаснување или измени на тендерската документација или 4. прием на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување, во однос на постапката на евалуација и избор на најповолна понуда, или за причините за поништување на постапката. (2) Жалителот кој пропуштил да изјави жалба во однос на одредбите од ставот (1) точките 1, 2 и 3 на овој член, нема право на жалба во подоцнежната фаза на постапката за истиот правен основ. Врз основа на член 166 став 7 од Законот за јавните набавки (7) Во случај на целосно усвојување на жалбата, договорниот орган е должен на подносителот на жалбата да му ги надомести оправданите трошоци за постапката.

Согласно член 170 став 4 од Законот за јавните набавки, ако Управниот суд ја поништи одлуката на Државната комисија, со својата пресуда ќе одлучи и за жалбата во постапката за јавната набавка.

Во конкретниот случај, видно од списите во предметот, како и од наводите во тужбата и од изнесеното на одржаната јавна расправа, по наоѓање на овој Суд, договорниот орган во целост постапил по напатствијата на тужениот орган дадени во Решението бр.08-1107/6 од 23.12.2020 година, а и по Решението бр.08-68/20 од 03.02.2021 година, двете на Државната комисија за жалби по јавни набавки, односно Комисијата по јавни набавки при договорниот орган, согласно начелата предвидени Законот за јавните набавки, извршила повторна проверка на комплетноста и валидноста на понудите, изготвила Извештај од спроведената постапка, во кој дала предлог за избор како најповолна понуда за Дел 1 да биде избрана понудата на економскиот оператор „МЕГА СПОРТ Љубомир“ ДООЕЛ Скопје, а за Дел 2, 3 и 4 постапката да биде поништена согласно член 114 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки, по што била донесена и Одлуката за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапка по извршена повторна евалуација на понудите бр.18.1-11528/1 од 09.02.2021 година.

Имено, во ситуација кога тужениот орган со претходно донесени решенија, одлучувајќи по претходни жалби поднесени од сега заинтересираното лице, па и од економскиот оператор НЕНИ КОМПАНИ, утврдил дека договорниот орган со право понудите на овие економски оператори ги отфрлил како неприфатливи, констатирајќи дека истите не исполниле повеќе услови наведени во техничката спецификација од тендерската документација, за Судот е неоправдано и спротивно на начелата на економичност и ефикасност, договорниот орган да бара дополнителни појаснувања за техничката понуда од наведените економски оператори, имајќи го предвид фактот дека со претходна одлука е утврдено дека нивните понуди правилно се отфрлени како

неприфатливи, поради неисполнување на услови од тендерската документација.

Од ова произлегува дека со претходно донесените одлуки и сега оспорената одлука на тужениот орган, изнесени се контрадикторни ставови и напатствија дадени на договорниот орган. Судот наоѓа дека со овој начин на постапување на Државната комисија за жалби по јавна набавка, се повредуваат начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност, а воедно кај економските оператори или другите учесници во јавните набавки се создава правна несигурност, што е спротивно на принципот на правна сигурност и претставува еден од фундаменталните аспекти на владеењето на правото.

Во ова насока неприфатливи се наводите на тужениот орган дека претходните постапки се правосилно завршени и немаат влијание во оваа постапка, од причина што со оспореното решение жалбата на сега заинтересираното лице е усвоена, со образложение дека договорниот орган не постапил по претходни укажувања дадени во тие одлуки каде во една од нив, самиот констатирал дека понудите на погоренаведените економски оператори правилно се отфрлени како неприфатливи, а за понудата на избраниот понудувач немал забелешки за прифатливоста на истата, освен што дал напатствија да се побараат дополнителни појаснувања за користените акредитирани лаборатории, по кои договорниот орган целосно постапил.

Во оваа насока, Судот утврди дека договорниот орган согласно Законот за јавните набавки и условите од тендерската документација, правилно ја отфрлил понудата на сега заинтересираното лице како неприфатлива, од причина што доставеното Стручно мислење од CIS INSTITUT издадено на 23.10.2020 година, било несоодветно, во одделни делови нецелосно, а во одделни делови дополнуван превод за доставениот документ. Конкретно, во македонскиот во одговорот на првото прашање додаден е нов текст од преведувачот кој не постои во оргиналот. Исто така, во доставениот превод недостига едно прашање и одговор од оригиналното мислење. Во оригиналното мислење на CIS INSTITUT како и во преводот било наведено дека испитувањето се вршело на репро материјал, а не на готов производ, што не е согласно барањата и напомената од техничката спецификација од тендерската документација.

Предвид наведеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е основана и одлучи согласно член 60 од Законот за управните спорови, а во врска со член 170 став 4 од Законот за јавните набавки.

Со оглед на тоа што Управниот суд го поништи оспорениот акт, но при тоа тужбата не го одлага извршувањето на решението, а од друга страна договорниот орган е задолжен да постапи по оспорената одлука во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката, во услови кога постапката по управниот спор не е правослино завршена, овој суд утврди дека е оправдано да се одложи извршувањето на оспореното решение до правосилно завршување на управниот спор по поднесената тужба.

Освен ова, тужителот со приложените докази го оправда барањето за донесување на решение за времена мерка, а одлагањето на извршувањето при тоа нема да биде на штета на јавниот интерес, имајќи го предвид значењето на конкретаната јавна набавка за договорниот орган што е од јавен интерес, за кое погоре е објаснето во оваа одлука, Управниот суд одлучи да определи времена мерка, да се одложи извршувањето на Решението на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.08-244/20 од 11.03.2021 година, до правосилно завршување на управниот спор по тужбата против истото решение, заведена под У-5.бр.284/2021.

При ваква состојба, Судот најде дека се исполнети законските претпоставки од член 29 од Законот за управните спорови, па одлучи како во изреката на решението.

Пресудено во Управен суд на 06.04.2021 година, под У-5.бр.282/2021 и У-5.бр.284/2021

Записничар - виш судски соработник
Моника Китановска

Претседател на совет - Судија
m-r Diturije Elezi Neziri

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, а против решението за времена мерка дозволена е жалба во рок од 3 дена од приемот на истото, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 .

Пресудата да се достави на:
- тужител,
- тужен орган,
- заинтересирано лице,
преку полномошник

Претседател на совет - Судија
m-r Diturije Elezi Neziri